Врз основа на член 46, а во врска со член 21од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на оштина Новаци„ бр.5/02),согласно член 86 став 1 и 2 од Изборниот законик„Службен весник на РМ„Бр.54 од 2011 година, Советот на општина Новаци на седницата одржана на ден 30-10-2013 година донесе

О Д Л У К А

за одобрување средства на организаторите на изборна кампања за изборни трошоци направени за Локалните избори 2013 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства на организаторите на изборна кампања за изборни трошоци направени за Локалните избори 2013 година(15 денари по добиен глас):

1.за избрани членови на совет и избран градоначалник,

2.за не избрани кандидат за член на совет односно кандидат за градоначалник ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани во општината

Член 2

Сретствата ќе се исплатат од Буџетот на општина Новаци за 2013 година, со посебно решение од градоначалникот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-790/7
30.10. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства за КУД„Новаци„ Новаци

1. Ја Објавувам Одлука за одобрување на средства за КУД„Новаци„ Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/5
06.11.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 сав 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.10.2013 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување на средства за КУД„Новаци„ Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во висина од 60.000,00 денари на КУД„Новаци„ Новаци, за автобуски превоз за Банско во Република Бугарија .

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2013 година.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на Ж-сметка:500-1269-03, на име КУД „Новаци„ Новаци со ЕДБ: 4002999140162, при Стопанска Банка Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-790/8
30.10. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за санирање и реновирање на трпезаријата на црквата Св.Никола с.Будимирци

1. Ја Објавувам Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за санирање и реновирање на трпезаријата на црквата Св.Никола с.Будимирци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/6 ОпштинаНоваци
06.11.2013год. Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30-10-2013 година ја донесе следната

ОДЛУКА

за одобрување на средства за набавка на градежни материјали
за санирање и реновирање на трпезаријата на црквата Св.Никола с.Будимирци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства за набавка на градежни материјали за санирање и реновирање на трпезаријата на црквата Св.Никола с.Будимирци:

-10м3 сепариран песок гранулација 1
-6м3 чакал гранулација 1-2

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци .

Член 3

Постапката за набавка на градежните материјали ќе ја спроведи Комисијата за јавни набавки на општина Новаци

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-790/9 Совет на општина Новаци
30.10. 2013 год. Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на манастирот Св.Атанасиј с.Старавина

1. Ја Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на манастирот Св.Атанасиј с.Старавина, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/7
06.11.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.10.2013 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за доделување на еднократна парична помош на манастирот Св.Атанасиј с.Старавина

Член 1

На манастирот Св.Атанасиј с.Старавина, му се доделува еднократна парична помош во износ од 15.000,00 денари, за набавка и поставување на пластифициран лим, за кров на кујната.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2013 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: манастирот Св.Атанасиј с.Старавина

На Жиро сметка:290-2000004336-31

депонентТТК Банка АД Скопје

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.07-790/10
30.10. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за потребите на манастирот Св.Архангел Михаил с.Рапеш

1. Ја Објавувам Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за потребите на манастирот Св.Архангел Михаил с.Рапеш, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/8 ОпштинаНоваци
06.11.2013год. Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30-10-2013 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за потребите на манастирот Св.Архангел Михаил с.Рапеш

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **10.000,00 денари** за набавка на градежни материјали за потребите на манастирот Св.Архангел Михаил с.Рапеш, во близина Црна река за санирање и реновирање на настрешницата.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци .

Член 3

Постапката за набавка на градежните материјали ќе ја спроведи Комисијата за јавни набавки на општина Новаци

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-790/11 Совет на општина Новаци
30.10. 2013 год. Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за покренување на иницијатива за ревитализација и забрзан локален економски развој на Мариово –во делот на општина Новаци

1. Ја Објавувам Одлука за покренување на иницијатива за ревитализација и забрзан локален економски развој на Мариово –во делот на општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/9
06.11.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа н член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр. -5/02) член 21 I 46 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр. 05/02), Градоначалникот на општина Новаци на седницата одржана на ден 30.10.2013 година донесе :

О Д Л У К А

За покренување на иницијатива за ревитализација
и забрзан локален економски развој на Мариово –во делот на општина Новаци

Член 1

Со оваа Одлука се покренува иницијатива и определува постапка за ревитализација и забрзан локален економски развој на населените места во Мариово –кои се состав на општина Новаци.

Член 2

Целите на локалниот економски развој опфаќаат:

-Изработка на урбанистички планови на населените места

-издавање на користење на недвижниот имот , без надоместок (куќи, домови,училишни зградии други објекти) сопственост на општина Новаци , на заинтересирани стопански субјекти, невладини организации, здруженија на граѓани и други правни и физички лица , со цел за реновирање на објектите и користење за дејностите на заинтересираните субјекти

-поддршка на донаторски проекти за економски развој на населените места , развој на сточарството, рибарството, земјоделството, пчеларството,

овоштарството, селскиот туризам,спортско рекреативни центри за рехабилитација и други дејности
-инвеститорите кои ќе ги реновираат објектите, односно ќе изградат нови објекти согласно одобрените проекти се ослободуваат од обврската за плаќање надоместок за комунално уредување

Член 3

Деталните урбанистички планови за населените места ќе бидат изработени од по спроведен постапка согласно Законот за јавни набавки.
До изработката на деталните урбанистички планови , ќе се применуваат одредбите и условите предвидени со Закон и Одлуката за условите за градба во населени места за кои нема донесено урбанистички планови.

Член 4

Плановите- Проектите за економски развој на населените места изработени од заинтересираните субјекти , ќе ги оценува-евалуира Одделението за локален економски развој при општина Новаци.

Член 5

Издавањето на користење на недвижниот имот , без надоместок (куки, домови, училишни згради и други објекти) сопственост на општина Новаци , на заинтересирани стопански субјекти , невладини организации , здруженија на граѓани и други правни и физички лица се врши со објавување на оглас во кој се наведуваат објектите. По објавениот оглас заинтересираните субјекти поднесуваат барања со проекти за користењето на објектите.
Градоначалникот на општина Новаци, по претходно мислење- препорака од Одделението за локален економски развој , склучува договор за користење на недвижен имот.

Член 6

Приоритет при давањето на недвижниот имот на користење без надоместок , ќе имаат проектите кои ќе понудат подобри економски користи , повеќе вработувања и одржливост.
Одржливоста на проектите ќе ја оценува посебна комисија формирана од градоначалникот.

Член 7

Со договор за користење на недвижниот имот , поблиску ќе се уредат условите, правата и обврските на корисниците на имотот и општина Новаци.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,, Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.07-790/12 Совет на општина Новаци
30.10. 2013 год. Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за утврдување на штета на дворно место при изградбата на водоводот во с.Г.Агларци

1. Ја Објавувам Одлука за утврдување на штета на дворно место при изградбата на водоводот во с.Г.Агларци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/10
06.11.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр. 5/2002), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30-10-2013 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за утврдување на штета на дворно место при изградбата
на водоводот во с.Г.Агларци

Член 1

Комисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди на општина Новаци да утврди постоење на штета на дворно место при изградбата на водоводот во с.Г.Агларци, кај лицето Кире Гроздановски.

Член 2

Записникот од Комоисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди на општина Новаци, да се достави до Советот на општина Новаци, за да одлучи по барањето на Кире Гроздановски од с.Г.Агларци.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-790/13
30.10. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за донесување урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти

1. Ја Објавувам Одлука за донесување урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/11
06.11.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 ста 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„) а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.„ бр.56 од 15.04.2011 година), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.10.2013 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за донесување урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти

Член 1

СЕ ОДОБРУВА донесување урбанистичко-планска документација за селата Гермијан, Живојно, Рибарци, Бач, Горно и Долно Агларци, Далбеговци, Добромири, Градешница, Будимирци, Зовик, Рапеш, Скочивир и Брод со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти во урбанистичко планската документација.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-790/14
30.10. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици територијата на општина Новаци за сезоната 2013/2014 година

1. Ја Објавувам Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици територијата на општина Новаци за сезоната 2013/2014 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/12
06.11.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 став 1 од Закон за локална самоуправа(„ Службен весник на РМ„бр.5/2002год), член 34 од Закон за јавни патишта („Службен весник на РМ„ бр.111/2008год), а во согласност со член 21 и член 46 од Статуот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр.5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.10.2013 година ја донесе следната:

ПРОГРАМА

За зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици територијата на општина Новаци за сезоната 2013/2014 година

Вовед

Појдовна основа за изработка на Програмата за зимско одржување на општинските патишта и улици е член 14 точка 8 и член 34 од законот за Јавни патишта (Сл.Весник на Рм бр.84/2008) како и член 34 став 1 точка 3 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04 и 86/08)

Содржина

1. Цел на Програмата
2. Обем, динамика и ниво на одржување
3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување н обврски на учесниците
3.1 Претпријатие на кое ќе му биде доверена работата
3.2 Советот на општина Новаци
3.3 Единицата на локална самоуправа
3.4 Надзорен орган
3.5 Други учесници
4. Прилози:

1. Цел на Програмата

Програмата има за цел да предвиди услови за ефикасно спроведување на зимското одржување на локалните патишта и улици на територијата на општина
Новаци преку:

- одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и

голомразиците од коловозните површини;

- дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во

реализацијата на оваа Програма;

- дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на

Програмата.

2. Обем, динамика и ниво на одржување

2.1. Обем на одржување

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:

- локални патишта и улици по соодветен приоритет, по тип на коловоз по кој се одвива сообраќајот, витални локални патишта и улици (од локален пат или улица до објектот) до објекти чие функционирање е од витално значење за општината.

2.2. Ниво и динамика на одржување

Расчистување на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

- локални патишта и улици од прв приоритет, по кој се одвива сообраќајот по асфалтиран коловоз и кон објекти кои се од витално значење за општината;
- локални патишта и улици од втор приоритет, по кој се одвива сообраќајот по тампониран или земјен коловоз.

Одстранувањето на подмрзнатиците во услови кога нема врнежи се врши по приоритетот на локалниот пат или улица по кој се одвива сообраќајот.

Дежурствоте се обезбедува континуирано во зимскиот период.

Одговорните дежурни работници одржуваат контакти со сите субјекти, ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Дежурството го спроведуваат вработените од претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите, со својата ангажирана механизација и работна сила, и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

3. Организациска поставеност на службата за зимско одржување и обврски на учесниците

На подрачјето на општина Новаци, службата за зимско одржување ја организира Единицата на локална самоуправа – Новаци, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на истата.

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работа.

Согласно Законот за јавни набавки се одредува предпријатие кое ќе ја спроведува Програмата и ќе остварува соработка со сите други субјекти задолжени за спроведување на истата.

Функционирањето на службата за зимско одржување се остварува со следната организациска поставеност:

3.1. Претпријатие на кое ќе му бидат доверени работите

Претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите формира тело за организирање и раководење на службата за зимско одржување. Телото ја следи реализацијата на оваа Програма и заедно со стручната служба одлучува за преземање на потребни активности за справување со проблемите предизвикани од временските неприлики.

Претпријатието ги има следните задолженија:

- организира непрекинато 24 часовно дежурство во текот на целиот зимски период;
- со специјална машина, опрема и работна рака врши чистење на снегот и посипување на песок-ризла на коловозните површини;
- машината и другата потребна опрема ја одржува во исправна состојба за дејствување во зимски услови;
- води комплетна документација за работата на службата за зимско одржување;
- редовно и навремено го информира нарачателот и надзорниот орган за работата на службата за зимско одржување;
- секојдневно изготвува и доставува извештаи за извршената работа на службата за зимско одржување до нарачателот, РЦУК-Битола и подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи;
- организира редовно дежурство со потребна опрема и алат, резервни делови и стручен кадар со цел обезбедување исправност на механизацијата и

успешно дејствување на службата за зимско одржување;
- за сезоната 2013/2014 година во доволни количини да обезбеди песок- ризла за посипување на коловозните површини.

3.2. Советот на општина Новаци
- ја усвојува оваа Програма;
- го контролира извршувањето на оваа Програма.

3.3. Единицата на локална самоуправа Новаци
- ги координира активностите на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;
- преку локалните средства за јавно информирање и месните заедници врши информирање за работата на службата за зимско одржување.

3.4. Надзорен орган

Надзорниот орган го определува носителот на работите со решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организирање и функционирање на службата за зимско одржување на подрачјето на општина Новаци за сезоната 2013/2014 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи:
- ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;
- врши координација со органите и телата на Советот на општина Новаци, со РЦУК-Битола, подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;
- дава налог за работа на претпријатието на кое му се доверени работите;
- врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на Програмата.

3.5. Други учесници

3.5.1. Подрачното одделение на Министерството за внатрешни работи го контролира и регулира сообраќајот во новонастанатите состојби на регионалните и локалните патишта во општина Новаци и секогаш ќе биде непосредна врска со сите задолжени субјекти како би се овозможило непречено чистење на истите.

3.5.2. Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на Одлуката за одржување на комунален ред на подрачјето на општина Новаци, во делот на отстранување на снегот и мразот, преку инспекциските служби.

3.5.3. Државниот хидрометеоролошки завод преку РЦУК-Битола доставува извештаи (дневни, тродневни, неделни и месечни) за временските услови до општина Новаци , претпријатието на кое му е доверена работата и надзорот.

3.5.4. Подрачното одделение на `ЕВН``АД Скопје – КЕЦ Битола, ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации.

3.5.5. Подрачното одделение на ``Македонски телекомуникации``АД Скопје ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надвозните ТТ уреди и инсталации.

3.5.6. Претпријатијата и заедниците чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (училишта, амбуланти, железнички премини, бензиски пумпи, гробишта и слични објекти) преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

3.5.7. Претпријатијата, заедниците и граѓаните-сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории (стоковни куќи, дуќани, продавници, ресторани и сл.објекти) преземаат мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од пред овие објекти.

3.5.8. Граѓаните го чистат снегот и подмрзнатицата од патеките и приодите пред своите домови.

За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според законот за јавна чистота и Одлуката за комунален ред.

4. Оперативен план со преглед и приоритети на општинските патишта кои се предмет на зимско одржување

4.1 Со оглед на тоа што низ поголемиот дел од населените места транзитираат регионални патишта за кои одржувањето на коловозната конструкција и зимското одржување се во надлежност на ЈП Македонија Пат, чистењето на снегот во зимски услови е насочен на општинските патишта.

Со чистењето на регионалните патишта кои истовремено се транзитни улици низ населените места во општината, опфатени се главните улици на следните населени места:

-**Новаци**-улица, опфатена со регионалниот пат Р-2338 (Битола-Новаци-Маково)
-Добромири- улиците опфатена со регионалниот пат Р-1101
-**Маково**-улица, опфатена со регионалниот пат Р-2338 (Битола-Новаци-Маково)
-**Рапеш**-улица, опфатена со регионалниот пат Р-2338 (Маково-Рапеш-Старавина)
-**Гермијан,Бач,Добровени**, улица опфатени со регионалниот пат Р-1107 (Гермијан-Старавина Витолиште)

5.Чистењето на снег во зимски услови на општинските патишта ќе се врши според следниот редослед и приоритет:

реден број (приоритет)	Патен правец	должина во км	
1	Рег.пат Р-1101 Г.Агларци	1	
2	Рег.пат Р-1101 Д.Агларци	0,8	
3	Рег.пат Р-1101 Далбеговци	1	
4	Рег. пат Р-1107-Живојно	6	
5	Новаци-Рибарци	2,5	
6	Рибарци-Гнеотино	4	
7	Гнеотино-Брод	6	
8	Рег.пат Р-1107 Брод	2	
9	Рег.пат Р-2338 Мегленци	1,5	
10	Мегленци-Арматуш	2,5	
11	Рег.пат Р-2338 - Паралово	3	
12	Рег.пат Р-2338 Д.Орехово	2	
13	Д.Орехово-Грумази	5	
14	Грумази-Ивени	7	
15	Маково-Орле	4	
16	Рег.пат Р-2338-Брник	3	
17	Рег.пат Р-2338-Зовиќ	5	
18	Рег.пат Р-2338-Груниште	4	
19	Рег.пат Р-2338-Будимирци	4	
20	Старавина-Градешница	3	
21	Новаци-Тепавци	12	
22	Ново село-Балдовенци	2	
23	Тепавци-Гнилеш	5	
24	Брод- Велесело	4	
25	Брод-Сливица	4	

6.Чистењето на снегот започнува во првите моменти на заврнување односно после наврнување на снег со висина од 5цм, а најдоцна до 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

7..При наврнување на поголеми количини на снег на патиштата со дебелина на снежната покривка поголема од 20цм, по наредба на Штабот за заштита и спасување на Општина Новаци во чистењето ќе се вклучи ЈКП "Комунална Хигиена"-Новаци а ќе се побара и помош за вклучување на ЈП "Македонија пат" која ќе биде присутна на терен при чистењето на регионалните патишта.

Во екстремни случаеви ќе бидат вклучени приватните фирми и другите правни лица кои поседуваат градежна механизација, а во краен случај со посебни мерки се вклучува и месното население за рачно расчистување на снегот.

8.Се задолжуваат претпријатијата кои се задолжени со механизација во овој план, да обезбедат исправност на механизацијата во зимскиот период. Доколку констатираат неисправност на механизацијата, за истото навремено да ја информират општината.

9.Посебно внимание во одржувањето на проодноста на патот ќе биде посветено на делницата Р–2338-Маково(м.в.Преслап),Р-2338 - Старавина, Рег. пат Р-1107-Живојно , каде што поради конфигурацијата на теренот можни се наноси од снег кои бараат почеста интервенција.

10.Сретствата за зимско одржување се обезбедени од Буџетот на Општина Новаци.

Бр.07-790/15
30.10. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за утврдување на штета на опожарена куќа во с.Скочивир

1. Ја Објавувам Одлука за утврдување на штета на опожарена куќа во с.Скочивир, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/13
06.11.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр. 5/2002), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30-10-2013 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за утврдување на штета на опожарена куќа во с.Скочивир

Член 1

Комисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди на општина Новаци да утврди постоење на штета на опожарена куќа во с.Скочивир, кај лицето Благоја Димовски.

Член 2

Записникот од Комоисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди на општина Новаци, да се достави до Советот на општина Новаци, за да одлучи по барањето на Благоја Димовски од с.Скочивир.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-790/16
30.10. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на средства за осветлување на крст во с.Брод

1. Ја Објавувам Одлука за одобрување на средства за осветлување на крст во с.Брод, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/14
06.11.2013год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(Сл. весник на РМ бр. 5/2002), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30-10-2013 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување на средства за осветлување на крст во с.Брод

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ средства за осветлување на крст во с.Брод, во близина на селската црква Св.Никола.

Член 2

Постапката да се спроведе согласно Законот за јавни набавки.

Член 3

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци .

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.07-790/17
30.10. 2013 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
Мицевски Пецо

Лазар Котевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Решение за именување на преставник од Советот на општина Новаци за член на Комитетот на Советите во ЗЕЛС

1. Го Објавувам Решение за именување на преставник од Советот на општина Новаци за член на Комитетот на Советите во ЗЕЛС, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 30.10.2013 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-820/15 ОпштинаНоваци
06.11.2013год. Градоначалник

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 51 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 30.10.2013 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за именување на преставник од Советот на општина Новаци
за член на Комитетот на Советите во ЗЕЛС

1.Од Советот на општина Новаци за член на Комитетот на Советите во ЗЕЛС **СЕ ИМЕНУВА**:Пецо Мицевски-претседател на Советот.

2.Преставникот од Советот на општина, ќе ја претставува општината во понатамошни избори на Претседател на Советите од Пелагонискиот регион.

3.Решението влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.07-790/18 Совет на општина Новаци
30.10. 2013 год. Претседател
Мицевски Пецо

С О Д Р Ж И Н А Страна

1. Заклучок за објавување Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на буџетот на општина Новаци периодот 01.01.2013 до 30.09.2013 година. 1

2.Заклучок за објавување Одлука за донесување на Локална урбанистичко планска документација за изградба на Базна станица за мобилна телефонија Суводол на КП бр. 58/1 КО Суводол м.в. Брајанац - Општина Новаци 2

3.Заклучок за објавување Одлука за сопствено учество на Општина Новаци во Програмата Општинско-корисна работа Неформално образование на жените албанки 4

4.Заклучок за објавување Одлука за одобрување средства на организаторите на изборна кампања за изборни трошоци направени за Локалните избори 2013 година 5

5.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за КУД„Новаци„ Новаци 6

6. Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за санирање и реновирање на трпезаријата на црквата Св.Никола с.Будимирци 7

7. Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на манастирот Св.Атанасиј с.Старавина 8

8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за набавка на градежни материјали за потребите на манастирот Св.Архангел Михаил с.Рапеш 9

9.Заклучок за објавување Одлука за покренување на иницијатива за ревитализација и забрзан локален економски развој на Мариово –во делот на општина Новаци 10

10.Заклучок за објавување Одлука за утврдување на штета на дворно место при изградбата на водоводот во с.Г.Агларци 12

11.Заклучок за објавување Одлука за донесување урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти 13

12. Заклучок за објавување Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици територијата на општина Новаци за сезоната 2013/2014 година 14

13. Заклучок за објавување Одлука за утврдување на штета на опожарена куќа во с.Скочивир 18

14.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства за осветлување на крст во с.Брод 19

15. Заклучок за објавување Решение за именување на преставник од Советот на општина Новаци за член на Комитетот на Советите во ЗЕЛС 20

Издавач:
Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци